Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2603/2 од 22.06.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 22.06.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година, бр.05-2119/1 од 06.05.2020 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 243.132.275,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари, наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2020 година.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** ќе се намали за 5.000.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 55.700.475,00 денари, ќе изнесува 50.700.475,00 денари.
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести за плати** ќе се намали за 3.300.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 36.922.655,00 денари, ќе изнесува 33.622.655,00 денари.
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** ќе се намали за 300.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.460.195,00 денари, ќе изнесува 3.160.195,00 денари.
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** ќе се намали за 940.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 10.248.897,00 денари, ќе изнесува 9.308.897,00 денари.
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** ќе се намали за 60.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 668.411,00 денари, ќе изнесува 608.411,00 денари.
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** ќе се намали за 375.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.121.822,00 денари, ќе изнесува 3.746.822,00 денари и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално осигурување** ќе се намали за 25.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 278.495,00 денари, ќе изнесува 253.495,00 денари.

- Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** ќе се зголеми за 5.000.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.930.000.000,00 денари, ќе изнесува 10.930.000,00 денари.
- Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** ќе се зголеми за 5.000.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 4.390.000,00 денари, ќе изнесува 9.390.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година, со цел да се обезбедат средства наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2020 година. За горенаведената исплата потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари.

За да се обезбедат 5.000.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година и тоа: Групната ставка 460 - Вкалкулирани плати се намалува за 5.000.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 55.700.475,00 денари изнесува 50.700.475,00 денари. Позицијата 460000 – Нето плати и надомести за плати се намалува за 3.300.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 36.922.655,00 денари изнесува 33.622.655,00 денари. Позицијата 460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати се намалува за 300.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.460.195,00 денари изнесува 3.160.195,00 денари. Позицијата 460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување се намалува за 940.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 10.248.897,00 денари изнесува 9.308.897,00 денари. Позицијата 460310 – Придонес за вработување се намалува за 60.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 668.411,00 денари изнесува 608.411,00 денари. Позицијата 460320 – Придонес за здравствено осигурување се намалува за 375.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.121.822,00 денари изнесува 3.746.822,00 денари и Позицијата 460330 – Придонес за професионално осигурување се намалува за 25.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 278.495,00 денари изнесува 253.495,00 денари.

Групната ставка 414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани се зголемува за 5.000.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 5.930.000,00 денари изнесува 10.930.000.000,00 денари. Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата се зголемува за 5.000.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 4.390.000,00 денари изнесува 9.390.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2603/2

од 22.06.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 22.06.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 05-2625/1

22.06. 2020 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;